## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ДРАМАТА И НЕЈЗИНИТЕ МЕДИУМИ“ ОД НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р ДЕАН ДАМЈАНОВСКИ, ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр.1402-107/6 од редовната седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 22.11.2017 година, се избрани рецензенти:

- проф. д-р Сашко Насев, редовен професор и раководител на Катедрата за театарска и филмска драматургија наФакултет за драмски уметности на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Скопје,
- проф. д-р Александар Прокопиев, редовен професор на постдипломските културолошки студии на Институт за македонска литература при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за подготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис за скрипта **„Драмата и нејзините медиуми“** од авторот нас. доц. д-р Деан Дамјановски, наменета за студентите на прв циклус студии на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Филмска академија го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Добиениот материјал е во форма на ракопис, изработен на компјутер и отпечатен на ласерски печатач, во А4 формат, фонт Times New Roman и големина на буквите 12. Истиот има вкупен обем од 115 страници. Насловот на ракописот за скриптата е „Драмата и нејзините медиуми” и соодветствува со дел од материјалот за различни предмети на катедрите за филмска режија и филмска монтажа. Автор на ракописот е нас. доцент д-р Деан Дамјановски.

Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број на часови, при што се слуша како изборен предмет на катедрите по филмска режија и филмска монтажа, со фонд на часови 2+1+1 во различни семестри.

Структурата на ракописот е доста отворена, така што би било можно да се користи како основно учебно помагало за студентите на Филмската академија, што многу ќе го олесни изучувањето на проблематиката на медиумот. Авторот се раководел од основната цел да им се помогне на студентите во усвојување на теоретските познавања за драмата низ историјата и теоријата и за имплементацијата на овие знаења во проблематиката на создавањето во различните медиуми, пред сѐ, кино и телевизија. Притоа, нивото и стилот на обработка на материјата се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии.

Структурата на ракописот делумно се држи до наставната програма, како можно основно учебно помагало, кое многу ќе го олесни изучувањето на темата. Притоа, нивото и стилот на обработка на материјата се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии. Прашањата, задачите и вежбите кои се дел од секое предавање, како и дадената дополнителна литература, помагаат за продлабоченото изучување на темата.

Ракописот методолошки е структуриран во три дела и дванаесет предавања, кои меѓу себе се надополнуваат и ги покриваат најзначајните теми кои вообичаено се сретнуваат во современата литература од областа на драмата и медиумите за нејзино претставување:

ПРВ ДЕЛ – Историски преглед на драмата: 1. Драмата во антиката – од ритуал до драмски модел, 2. Драмата на илузијата во театарот на ренесансата и барокот, 3. Создавањето на моделот – реалистичната драма, 4. Драмата на 20 век.

ВТОР ДЕЛ – Естетско-теоретски одредници на драмата: 5. „Поетиката“ на Аристотел – драмата е подражавање, 6. Драмата и односот кон „средината“ – граѓанската драма на Дидро и Лесинг, 7. Драмата како средство за општествена промена – Бертолд Брехт, 8. Драмата и индивидот, 9. Медиумски теории.

ТРЕТ ДЕЛ – Драмата и нејзините медиуми: 10. Драмата и театарот, 11. Драмата и киното, 12. Драмата и телевизијата.

Во предавањата од *првиот дел* авторот го анализира развојот на драмата низ историјата, создавањето на драмски модели и доближувањето или оддалечувањето од она што се нарекува „реализам“ во драмата.

*Првото предавање* нѐ запознава со почетоците на драмата во ритуалот, како и првите драми и драмски автори – Есхил, Софокле и Еврипид. Во ова предавање се изложени основните елементи на драмата, како и првите драмски модели и жанрови – трагедија и комедија.

Во *второто предавање*, авторот прави анализа на развојот на драмата во ренесансата и во барокот осврнувајќи се, пред сѐ, на медиумот на театарот во овие епохи, неговите специфики, како и на техничко-технолошките достигнувања во него. Главен акцент е поставен врз создавањето на т.н. „сцена кутија“, која е моделот за понатамошното гледање на светот, како во театарот, така и во медиумите на киното и телевизија, како низ своевиден „прозорец“. Шекспир е разгледуван како најпознат автор на оваа епоха, а трагикомедијата и мелодрамата како нови драмски жанрови.

*Третото предавање* се занимава со историските услови кои довеле до појавата на реализмот и натурализмот во драмата, како и со тоа како се создал драмскиот модел кој и ден-денес е најзастапен во театарот, но и во комерцијалното кино и телевизиските серии, оној на реалистичната драма. Се разгледуваат жанровите кои му претходат – оној на граѓанската драма, добро скроената пиеса, како и на мелодрамата. Исто така се анализираат автори како Чехов, Ибзен и Стриндберг, кои долг период претставувале модел за драмско творештво.

*Четвртото предавање* ги анализира драмските движења кои се појавуваат во 20 век и кои претставуваат отстапувања од становениот реализам, во насока на создавање на множество на индивидуални поетики, кои ја сочинуваат т.н. „театарска авангарда“. Поодделно се разгледуваат движењата на експресионизмот, симболизмот, апсурдната драма, надреализмот, како и развојот на медиумот на театарот, особено во една од неговите најважни компоненти денес, а тоа е режисерот, кој се појавува како коавтор на театарскиот чин. Освен драмски автори за театар, се разгледуваат и автори кои започнуваат да експериментираат со новиот медиум – киното.

Во предавањата од *вториот дел* авторот пристапува кон проблематиката на драмата од естетско-теоретски аспект, со цел да ја разгледа драмата во современите медиуми како дел од една поширока тематска целина, која започнува со првите теории за драмата од антиката и завршува со медиумските теории од 20 век.

*Петтото предавање* започнува со разгледување на првата, во западната цивилизација позната теорија на драмата како „мимезис“ (подражавање) – „Поетиката“ на Аристотел. Авторот овде се задржува на основните елементи на оваа теорија и со употреба на современи примери ги доближува до денешниот дискурс.

Во *шестото предавање* авторот се задржува на еден историски важен момент од развојот на драмата, а тоа е појавата на жанрот „граѓанска драма“ во 18 век, која е претходник на реалистичната драма. Особено важен е освртот врз двата естетичари и теоретичари на драмата – Дидро и Лесинг – кои ги даваат основите за понатамошниот развој на драмата, како и на нејзините придружни елементи како глумата, режијата, сценографијата.

*Седмото предавање* ја претставува една од пресвртните теории во областа на драмата, онаа на драмскиот автор, режисер и теоретичар Бертолд Брехт. За првпат во својата историја на драмата не се гледа како на средство за подражавање на стварноста, туку на средство за општествена промена и моќно оружје за промена на владеачкиот систем, инспирирана од филозофските идеи на своето време. Авторот, на јасен и лапидарен начин, ги објаснува разликите помеѓу „аристотелијанската драма“ и она што Брехт го нарекува „епски театар“, како и неговите основни карактеристики.

Во *осмото предавање* авторот се запира на философските теории на Ниче и егзистенцијалистите, Ками и Сартр, кои, иако лабаво сврзани со драмата, сепак оствариле големо влијание врз неа, особено во делот на поврзаноста помеѓу драмата и состојбата на човекот во светот, во почетокот на 20 век. За разлика од Брехт, кој се залага за светска „револуција“, овие теории во својот фокус ја имаат „личната промена“ кај индивидот.

*Деветтото предавање* се концентрира врз современите медиуми на киното и телевизијата како „масовни медиуми“ и теориите кои се појавуваат во 20 век, кои се занимаваат со социолошките, културните и естетските импликации кои овие медиуми ги имаат врз животот на човекот, како и врз целокупната култура, а кои популарно се нарекуваат „медиумски теории“. Авторот се запира врз трите, можеби најзначајни теоретичари, кои се занимаваат со врската помеѓу современите медиуми и драмата, чии теории ќе ги насочат истражувањата во оваа област за децении напред – Валтер Бенјамин, Мартин Еслин и Маршал Меклуан.

Во овој, *трет дел*, авторот, историски и теоретски, ги разгледува спецификите на одделните медиуми – театарот, киното и телевизијата, како драмски медиуми, преку неколку форми на претставување – театарската претстава, играниот филм и телевизиската серија. Исто така, ги анализира и начините на кои тие влијаат и ја модифицираат драмата и нејзината форма зададена од Аристотел.

Во *десеттото предавање* авторот прави историски преглед на различните форми и модификации на медиумот театар – од антиката, преку ренесансата и барокот, до реалистичниот театар, како и на отклонувањата од реализмот во т.н. „театарска авангарда“ на 20 век. Задржувајќи се на основните елементи на медиумот, како и нивната врска со драмата, авторот го истакнува значењето на врската помеѓу драмата и средствата за нејзино претставување.

Во *единаесеттото предавање*, „Драмата и киното“, авторот се задржува на појавата и развојот на драмата (сценариото) во играниот филм, како и зголемувањето на неговото значење во процесот на создавање на филмот. Оваа врска започнува со првите експерименти на браќата Лимиер, па се развива сè до неореализмот во 50-тите години на минатиот век во Италија.

Последното, *дванаесетто предавање*, е посветено на драмата во телевизијата, како најмасовен медиум денес и особено во една од нејзините популарни форми – ТВ серијата. Анализирајќи ги трудовите на веќе споменатите теоретичари на медиумите, авторот прави пресек на основните методолошки и естетски карактеристики на драмата во телевизијата и на тој начин придонесува кон создавањето на еден естетски пристап кон оваа проблематика.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите и е во согласност со програмите на катедрите за филмска режија и филмска монтажа на УГД и како таков е соодветен да се користи како учебно помагало (скрипта) по разни предмети од областа на сценариото и филмската режија.

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис за скрипта „Драмата и нејзините медиуми” од авторот насловен доцент д-р Деан Дамјановски претставува одлична скрипта која на студентите многу ќе им го олесни изучувањето на наставната содржина по предметите сврзани со сценариото и режијата. Авторот се раководел од основната цел да им помогне на студентите во усвојување на теоретските и естетските познавања за драмата и нивна имплементација при совладување на проблемите при создавањето на сценарио во пракса. Притоа, нивото и стилот на обработка на материјата се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии. Дополнително, прашањата, задачите и вежбите, како и предложената литература, помагаат за продлабоченото изучување на материјата.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план за катедрите по филмска режија и филмска монтажа на Филмската академија при УГД и истовремено приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта пропишани според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Драмата и нејзините медиуми“ од авторот насловен доцент д-р Деан Дамјановски да биде објавена како електронска скрипта за потребите на студентите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Сашко Насев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Александар Прокопиев, редовен професор, с.р.**